(Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**I ФИНАНСИРАЊЕ на одредите од Законот за младинско учество и младински политики**

1.1 Дали од ставката 463 (трансфер до НВО) општината има поддржано форми на младинско организирање?

1.2 Дали општината има реализирано финансиски средства за млади за 2025 година? Доколку да, **колку** и за што се реализирани средствата?

1.3 Дали општината има одвоено и реализирано финансиска поддршка за младинскиот центар и за активности на центарот во 2025 година? Доколку да, колку?

1.4 Дали општината има одвоено и реализирано финансиски средства на локалниот младински совет во 2025 година? Доколку да, колку?

1.5 Дали општината има планирано финансиски средства за млади, во буџетот за 2026 година. Доколку да, колку и за што се планирани средствата?

**Датум:** 26.01.2026

**ДО** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 18-65/1, 20.01.2026 наш број [redacted]

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на 20.01.2026 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со имплементирање на одредбите од Законот за младинско учество и младински политики, се уважува

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ви ја доставува информацијата во врска со имплементирање на одредбите од Законот за младинско учество и младински политики.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 20.01.2026 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 20.01.2026 година под архивски број 18-65/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 26.01.2026 година, под бр. 18-65/2.

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер

____________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресурси

# -ИНФОРМАЦИЈА-

1.Локалниот младински совет не е формиран во Општина Демир Хисар. Општината објави јавен повик за членови на иницијативен одбор за формирање на локално собрание за млади, но немаше доволен број на пријавени. Во периодот што следува ќе изготвиме нов повик, со претходна презентација на Законот за младинско учество и младински политики за младите лица. Назначен е нов службеник за млади и интенцијата е да се интензивира оваа проблематика.

https://demirhisar.gov.mk/javen-povik-za-formirane-na-iniczijati/

2. Не е усвоена локална стратегија за млади.

3. Не е формирана канцеларијата за млади.

4. Не е формиран младински центар.

5. Назначен е нов службеник за млади во Општина Демир Хисар:

Контакт информации: Билјана Пејковска, 071 369 370, biljanalozanovska422@gmail.com.

Во прилог ви го доставуваме и Решението за назначување.

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресурси

---------------------------------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
бр. 08-66/1
20.01 2026 год.
ДЕМИР ХИСАР

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) а согласно член 23 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/2020), Градоначалникот на Општина Демир Хисар, го донесе следново:

## РЕШЕНИЕ

1. Административниот службеник Билјана Пејковска, на работното место Помлад соработник координатор на активностите на градоначалникот, **се назначува** за службеник за млади на Општина Демир Хисар.
2. Назначеното лице е одговорно за работењето на Канцеларијата за млади, за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во Општина Демир Хисар, во делокругот на надлежностите на општината, како и изготвување годишни извешати за работата на институцијата во делокругот на млади кои ги поднесува до органите надлежни за млади во Република Северна Македонија и објавуваат на веб-страницата на општината.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.
4. Со денот на влегувањето во сила на ова Решение престанува да важи Решението бр. 08-126/1 од 28.01.2025 година, донесено од страна на Градоначалникот на Општина Демир Хисар.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

Согласно горенаведените законски и подзаконски акти, а се однесува на назначување на службеник за млади, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе приговор преку градоначалникот на Општина Демир Хисар до Агенцијата за администрација-Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници од втор степен, во рок од 8 дена сметано од денот на приемот на истото.

Доставено до:

-Назначеното лице

-Архива

-Министерство за социјална политика, демографија и млади

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Никола Најдовски